Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 12.07.2023

На 11.07.2023 во 18.30 часот, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Куманово го лишиле од слобода Ш.И.(39) од Куманово. При претрес во неговиот дом во Куманово, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.07.2023, полициски службеници од Полициската станица Кочани ги лишиле од слобода Д.С.(78), Ј.С.(78) и Д.М.(61), сите од Кочани. При претрес во домот на Д.С. и Ј.С. во Кочани, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пушка „Првена застава", пиштол „Црвена застава", повеќе куршуми различен калибар, оптички нишан и други предмети. Додека при претрес во викенд куќа на Д.М. во с.Тркање, кочанско, извршен, исто така, со судска наредба, биле пронајдени и одземени повеќе куршуми од различен калибар. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 11.07.2023 полициски службеници од криминалистичката полиција во содејство со полициската станица од општа надлежност Битола ги лишиле од слобода М.Ј. и Ј.Б., двете лица од Битола. Имено, при претрес извршен со наредба од Основен суд Битола во дом и помошни простории кај М.Ј. од Битола, биле пронајдени и одземени амфетамин, три дигитални ваги со остатоци од дрога, рамка од пиштол наполнет со 8 куршуми, 79 куршуми од непознат калибар, 35 маневарски куршуми, грутчеста материја, пакет со распрскувачки капси за сигнален пиштол. Малку подоцна, приведена е и Ј.Б. (34), бидејќи по преземени мерки и активности е утврдено дека е поврзана со пронајдената дрога при претресот. Лицата се приведени во полициска станица Битола и по документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени пријави по член 396 и по член 215 од Кривичниот законик.

Вчера (11.07.2023) во 13.00 часот во гостиварска Долна Бањица, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 42-годишниот гостиварец Л.М., поради сомнение дека извршил тешка кражба. Украденото е пронајдено и вратено на сопственикот. По документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 11.07.2023 во 19.30 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници од Полициската станица за граничен премин „Долно Блаце" при Регионалниот центар за гранични работи Север го лишиле под слобода Ш.К.(38) од Косово. При преглед и контрола на возилото „мерцедес" со косовски национални ознаки, кое го управувал, било констатирано дека возилото било украдено и дека за него имало меѓународна потрага по барање на Интерпол Холанција. Возилото било одземено, а Ш.К. бил задржан во полициска станица. По целосно расчистување и документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.07.2023 околу 10.00 часот на улица „Штипска " во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода гостиварите Е.Е.(36) и Е.П.(37), затоа што кај нив бил пронајден и одземен хероин. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 12.07.2023 околу 02.40 часот на улица „Илинденска" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 50-годишниот гостиварец Ќ.Ф., затоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. По документирање на случајот против него ќе следува поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (11.07.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 212 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 79 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 133 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (11.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 153 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 18 санкции, седум санкции за возење без возачка дозвола, четири мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се осум мерки за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, две санкции за некористење сигурносен појас...

На 11.07.2023 во 22.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ќемал Сејфула" во Скопје, патничко возило „пежо" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.И.(58) од с.Арачиново, скопско, удрило во пешакот К.К.(37) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила К.К., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 11.07.2023 година на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци од кои 6 надвор од населено место и 7 во населено место. Санкционирани биле и 43 други видови на прекршоци, од кои, 11 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за непрописно престигнување, 3 за возач почетник, 3 за непочитување правенство на минување на возила, 6 за некористење сигурносен појас, 7 за користење мобилен телефон, 7 за некористење заштитна кацига и 4 за непрописно паркирање.

На 11.07.2023 околу 20.15 часот во СВР Велес било пријавено дека на ул.„АСНОМ" во Велес се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", управувано од В.А.(31) од Велес и мопед, управуван од М.А.(32) од Демир Хисар, двете со велешки регистарски ознаки. Во несреќата, М.А. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Велес. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Велес.

На 11.07.2023 на тетовско-гостиварското подрачје продолжија засилени сообраќајно-контролни активности. Од 07.00 до 12.00 часот се контролираше правенство на минување, при што биле откриени и санкционирани 9 прекршоци (ТЕ - 7 и ГВ - 2). На прекршителите им се изготвени поднесоци согласно член 41 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и тие ќе се соочат со парични глоби од 300 евра во денарска противвредност. Санкционирани, исто така, биле и 14 (ТЕ - 7 и ГВ - 7) други видови сообраќајни прекршоци. Еден прекршок (ТЕ) бил констатиран подоцна при контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници. Станува збор за неисправни сопирачки, а санкционирани се и 3 (ТЕ) други видови прекршоци.

На 11.07.2023 во 16.15 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосница од бул.„Трета македонска ударна бригада" и ул.„Перо Чичо" во Куманово се случила сообраќајна несреќа помеѓу две патнички возила „фолксваген голф", едното управувано од И.К.(24) од Скопје, а другото од С.Н.(32) од Куманово, и двете со кумановски регистарски ознаки, по што возилото управувано од И.К. удрило во малолетничка од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и уште тројца сопатници од двете возила, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 11.07.2023 во 12.50 часот во Полициската станица Карпош, Д.К.(65) од Скопје пријавил дека кај Момин Поток бил каснат од куче скитник.

На 11.07.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Гази Баба, М.Н.(65) од Скопје пријавил дека во с.Стајковци, скопско, бил каснат од куче со сопственик.

Во текот на вчерашниот ден (11.07.2023) во периодот од 07.00 до 12.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возила кои не даваат правенство на минување на крстосница на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 36 возачи. Од нив, девет на територијата на СВР Тетово... За време на контролата биле санкционирани и 174 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 11.07.2023 во 23.00 часот во ОВР Гостивар било пријавено дека на ул.„Браќа Ѓиновски" во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.М.(26) од с.Горна Бањица, гостиварско и мотоцикл без регистарски ознаки управуван од М.З.(27) од Гостивар. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

Денеска (12.07.2023) во 14.45 часот во Куманово, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Центар и Бит пазар - Потраги го пронашле Ф.Ф.(15) од Скопје за кој во 02.00 часот во Полициската станица Бит Пазар неговиот татко Л.Ф. пријави дека се оддалечил од домот. Малолетникот ќе биде предаден на родителите.

На 11.07.2023 во 19.23 часот во СВР Битола е пријавено дека околу 19.20 часот настанал пожар во една од ќелите во Казнено-поправната установа Затвор Битола. Осудените лица се евакуирани, а со интервенција на Територијалната противпожарна единица Битола пожарот е изгаснат. Повредени лица нема, а увид извршила увидна екипа на СВР Битола. Известен е Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.07.2023 во 21.10 часот во СВР Скопје, А.Т.(33) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.07.2023 во 20.00 часот во СВР Скопје, Б.М.(68) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека околу 19.30 часот во селото, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од неговиот сосед В.Ѓ.(70). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Љ. (24) од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 09.01.2022 во Охрид, на улица „Булевар Македонски Просветители", од полициски службеници кај пријавениот е пронајден и одземен кокаин, а на други лица им овозможил употреба на марихуана.

На 11.07.2023 во 13.30 часот во СВР Скопје, 43 - годишна жена пријавила дека на подрачјето на Кисела Вода била физички нападната од нејзиниот партнер В.С.(45) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.07.2023 во 16.05 часот во СВР Скопје, Н.К.(56) од Скопје пријавил дека околу 15.00 часот на подрачјето на Чаир бил физички нападнат од Б.М.(32) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 11.07.2023 во СВР Скопје било пријавено дека на 08.07.2023 околу 19.30 часот на подрачјето на Драчево, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу И.М.(78) и Т.М.(63), двајцата од Скопје, во која биле употребени и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 11.07.2023 во 20.28 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Центар за бездомни лица „Чичино село" бил пронајден починат З.С.(63) од Скопје, згрижен во Центарот. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

СВР Велес поднесе кривична пријава против С.Ѓ.(23) од Велес, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.07.2023 во Велес, по извршен претрес во домот на пријавениот, пронајден е и одземен амфетамин, а во двор од куќа кај пријавениот пронајдени се и одземени марихуана и дигитална вага.

Денеска (12.07.2023) во 01.00 часот во СВР Скопје, Е.Л.(28) од Скопје пријавил дека на 11.07.2023 околу 16.30 часот на подрачјето на Чаир, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Ф.Љ., кој му заканил и со огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.07.2023 во 08.20 часот во Полициската станица Кочани, П.Ј.(74) од Кочани пријавил дека на ул.„Петроводенска" во Кочани бил каснат од куче скитник.

На 12.07.2023 во 09.40 часот во Полициската станица Берово, М.Б.(37) од с.Смојмирово, беровско, пријавил дека во селото бил каснат од куче домашен миленик.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет